# ИЛИНДЕН



ВЕСНИК НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО „ИЛИНДЕН“ - ТИРАНА

Јас го разбирам светот единствено како поле за културен натпревар меѓу народите - ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

ГОДИНА XIV БРОЈ 68 ТИРАНА - АЛБАНИЈА www.vesnik-ilinden.com ISSN 2522-4514 ЈУНИ/ЈУЛИ 2025 ГОДИНА

Во овој број

Страница 2

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ДЕСЕТ ГОДИНИ РАМНОПРАВЕН ЧЛЕН НА ФЕДЕРАЛНАТА УНИЈА НА ЕВРОПСКИТЕ НАЦИОНАЛНОСТИ (ФУЕН)

МИЦКОСКИ – РАМА: ЗАЕДНО ЦВРСТО ЧЕКОРИМЕ ПО ПАТОТ КОН ЕУ

ПРЕМИЕРОТ НА МАКЕДОНИЈА, ХРИСТИЈАН МИЦКОСКИ, И ПРЕМИЕРОТ НА ОБЕДИНЕТОТО КРАЛСТВО, КИР СТАРМЕР ВО ТИРАНА ПОТПИША ДОГОВОР ЗА СТРАТЕШКО ПАРТНЕРСТВО МЕЃУ ДВЕТЕ ЗЕМЈИ

Страница 3

НИКОЛОСКИ ПО ПОТПИШУВАЊЕТО НА ДОГОВОРОТ ВО ЛОНДОН: ДОГОВОРОТ СО ОБЕДИНЕТОТО КРАЛСТВО ЌЕ ДОНЕСЕ ЕКОНОМСКИ БУМ И СТРАТЕШКИ ПАРТНЕР НА МАКЕДОНИЈА

Страница 4

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, ЃУРЃАЈ ОСВАРИ СРЕДБА СО МАНЧЕВ ШЕФ НА КАБИНАЕТ НА ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА И МИНИСТЕР ЗА ТРАНСПОРТ И ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕР ЗА ТРАНСПОРТ ВОЛКАНОВСКИ

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ ЛИЧНО ЈА ПРЕДАДЕ БЛАГОДАРНИЦАТА “ИЛИНДЕН” НА РАТКО ЛАЗАРЕСКИ – ДИРЕКТОР НА ВЕСНИКОТ “НОВА МАКЕДОНИЈА”

Страница 5

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ ОСВАРИ СРЕДБА СО ГОРАН АНГЕЛОВ ДИРЕКТОРОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ИСЕЛЕНИШТВО

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ ОСТВАРИ РАБОТНА СРЕДБА СО БОРО МИРЧЕСКИ, НАЧАЛНИК ЗА ДИЈАСПОРА ПРИ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ И НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА НА МАКЕДОНИЈА

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА БАРА 21 МАЈ ВО РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА ДА СЕ ПРОГЛАСИ ЗА ДЕН НА НАЦИОНАЛНИТЕ МАЛЦИНСТВА

Страница 6

РАЗОЧАРАНОСТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ЗАШТО КОМИТЕТОТ ЗА НАЦИОНАЛНИ МАЛЦИНСТВА НА АЛБАНИЈА НЕ ИМ ПРИФАТИ НИТУ ЕДЕН ПРОЕКТ

МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА ГО ПРОСЛАВИЈА СВЕТИ ЈОВАН ВЛАДИМИР

Страница 7

ЕТЛЕВА БУДИНИ ОД ДРАЧ СНАА ВО ГОЛО БРДО НОВА ПРАТЕНИЧКА НА АЛБАНСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

СЕ ОДРЖА ВО ТИРАНА ПРВИОТ СОСТАНОК НА КОМИСИЈАТА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИТЕ МАЛЦИНСТВА

ГРИГОР ПРЛИЧЕВ БИЛ УЧИТЕЛ ВО ЦРКОВНОТО УЧИЛИШТЕ „СВЕТИ ПРОКОП“ ВО ТИРАНА

Страница 8

КОНГРЕСОТ НА ФУЕН ВО 2025 ЌЕ СЕ ОДРЖИ ВО БОЛЗАНО, ЈУЖЕН ТИРОЛ ВО СЕВЕРНА ИТАЛИЈА

Страница 9

СЕДУМ ГОДИНИ БЕЗ СПАСЕ МАЗЕНКОВСКИ ГОЛЕМИОТ БОРЕЦ ЗА ПРАВАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА

Страница 10

ИНТЕРВЈУ СО КООРДИНАТОРОТ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ЗА ОБЛАСТА ГОЛО БРДО, ФАТРИ ФЕТАХУ

Страница 11

МАКЕДОНИЈА ДО 14 ОДИГРА НЕРЕШЕНО БЕЗ ПОГОДОЦИ СО АЛБАНИЈА

Македонски весник „Илинден“
СЛЕДЕТЕ НÈ



## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ДЕСЕТ ГОДИНИ РАМНОПРАВЕН ЧЛЕН НА ФЕДЕРАЛНАТА УНИЈА НА ЕВРОПСКИТЕ НАЦИОНАЛНОСТИ (ФУЕН)

FEDERAL UNION OF EUROPEAN NATIONALITIES
FÖDERALISTISCHE UNION EUROPÄISCHER NATIONALITÄTEN
ФЕДЕРАЛИСТСКИЙ СОЮЗ ЕВРОПЕЙСКИХ НАЦИОНАЛЬНЫХ МЕНЬШИНСТВ
UNION FÉDÉRALISTE DES COMMUNAUTÉS ETHNIQUES EUROPÉENNES

Македонско друштво “Илинден“-Тирана, пред десет години беше примено во Федералната унија на европските националности највисоката малцинска организација во Европа. Македонско друштво “Илинден”-Тирана стана прво друштво од Република Албанија рамноправен член на Федералната унија на европските националности (ФУЕН) во конгресот што се одржа на 15.05.2015 година во Комотини, Грција, во организија на Федерацијата на западно тракиски Турци во Европа, Здружение на дипломирани студенти на Западна Тракија и Партијата за пријателство, еднаквост, мир, Партија на Турското малцисво во Грција.

Од тогаш до денес, Македонско друштво “Илинден”-Тирана дава голем придонес во евидентирањето и надминувањето на голем број прашања од интерес на Македонците во Република Албанија. Континуирано работи на заштитата на етничкиот, јазичниот, културниот идентитет и националните традиции на Македонците во Република Албанија.

Покрај тоа, Македонско друштво “Илинден”-Тирана редовно учествуваше во овие десет години на сите конгреси на Федералната унија на европските националности (ФУЕН). На сите конгреси, Македонско друштво “Илинден”-Тирана поднесуваше резолуци чија содржина и намера беше подобрување на животот на Македонците во Република Албанија и сите беа освоени од страна на Федералната унија на европските националности. Истите се пратени до сите државните инситуци на Република Албанија и меѓународни институции кои се поврзани со малцинствата. Овие резолуции придонесуваат за подобрување на положбата на Македонците во Република Албанија.

Македонското друштво “Илинден“-Тирана во функција на рамноправен член во Федералната унија на европските националности и како дел од Работната група на словенските малцинства во Европа при Федералната унија на европските националности, активно го покренува прашањето за Македонците во Република Албанија на меѓународната сцена. Македонското друштво “Илинден“-Тирана во ова прилика упатува искрена благодарност до раковоството на Федералната унија на европските националности за соработката и разбирањето покажано за интересите на македонското национално малцинство во Република Албанија.

Истовремено упатуваме искрена благодарност до Македонското меѓународно движење за човекови права од Канада со Претседател г-дин Бил Николов кое помага на Македонско друштво “Илинден“-Тирана да се плати годишната членарина и да е рамноправен член во Федералната унија на европските националности.

Да ни се множат јубилеите и пријателствата со сите народи и малцинства во европа.

**Македонско друштво “Илинден”-Тирана**
**Претседател Никола Ѓурѓај**

## МИЦКОСКИ – РАМА: ЗАЕДНО ЦВРСТО ЧЕКОРИМЕ ПО ПАТОТ КОН ЕУ

Секогаш е посебно задоволство кога со нашите соседи градиме разбирање и заедничка визија. Денеска со премиерот Рама во Тирана имавме исклучително конструктивен и пријателски разговор, исполнет со заемна почит и желба за напредок. Заедно, цврсто чекориме по патот кон Европската Унија, посветени на иднината што ја градиме со партнерство, дијалог и заеднички вредности, напиша претседателот на владата, Христијан Мицкоски.



## ПРЕМИЕРОТ НА МАКЕДОНИЈА, ХРИСТИЈАН МИЦКОСКИ, И ПРЕМИЕРОТ НА ОБЕДИНЕТОТО КРАЛСТВО, КИР СТАРМЕР ВО ТИРАНА ПОТПИША ДОГОВОР ЗА СТРАТЕШКО ПАРТНЕРСТВО МЕЃУ ДВЕТЕ ЗЕМЈИ

Премиерот на Република Македонија, Христијан Мицкоски, и премиерот на Обединетото Кралство, Кир Стармер, денеска во Тирана излегоа со заедничка изјава по повод потпишувањето на меѓувладин договор за стратешко партнерство меѓу двете земји.



„Имаме цврсти односи меѓу нашите две земји. Фактот што успеавме да го потпишеме овој договор е од голема важност и покажува дека ќе можеме заеднички да решаваме многу прашања. Ова е одлична можност и се радувам на средбата и договорот“ изјави премиерот Стармер.

Од своја страна, македонскиот премиер Мицкоски истакна дека е возбуден од перспективата за зајакната соработка меѓу двете држави.

„Со овој меѓувладин договор сигурен сум дека ќе изградиме уште подлабока билатерална соработка и ќе ги зацврстиме нашите врски. Тоа ќе придонесе не само за споделување на искуства, туку и за унапредување на нашите односи во поширокиот европски контекст. Сметам дека Западен Балкан е инспиративен регион и му посакувам топло добредојде на Обединетото Кралство во неговата засилена улога тука“, рече Мицкоски.

## НИКОЛОСКИ ПО ПОТПИШУВАЊЕТО НА ДОГОВОРОТ ВО ЛОНДОН: ДОГОВОРОТ СО ОБЕДИНЕТОТО КРАЛСТВО ЌЕ ДОНЕСЕ ЕКОНОМСКИ БУМ И СТРАТЕШКИ ПАРТНЕР НА МАКЕДОНИЈА

Вицепремиерот Александар Николоски денеска во Лондон во име на Владата го потпиша Договорот Влада со Влада за политичка и економска соработка меѓу Македонија и Обединетото Кралство. Со Договорот на Македонија и се ставаат на располагање 6 милијарди евра за финансирање на капитални проекти. Во продолжение Ви ја пренесуваме интегралната изјава на вицепремиерот Николоски:

“Навистина е привилегија и чест да се биде тука со делегацијата од македонската влада.

Вицепремиерот и министер за животна средина и просторно планирање, министерката за образование и наука, директорот на железници, советник од кабинетот на премиерот и претставници од мојот кабинет и навистина сме почестени што, не само што сме во Лондон и во Министерството за трговија и бизнис, туку и во оваа историска просторија, “Черчиловата соба”. Сметам дека тоа е навистина силен знак и сигнал за нашето партнерство, привилегија е да се биде токму во оваа просторија и да се потпише меѓувладиниот договор токму во оваа просторија.





Стратешкото партнерство со Обединетото Кралство, го гледаме како нешто што ќе ја доведе Македонија до едно ново ниво. Денес потпишуваме Договор Влада со Влада за развојни-инфраструктурни проекти во клучни сектори, како што се: транспорт, образование, животна средина, информатичка технологија, како и други сектори кои што ќе ги развиваме, тука е здравството, но и образованието и ќе продолжиме да соработуваме во претстојниот период.

Навистина сме благодарни што Обединетото Кралство, со својот Инструмент за поддршка на надворешно финансирање, постави рамка од 5 милијарди фунти, што е најголемиот договор што Македонија го потпишала во својата историја во однос на економијата. Навистина сме благодарни за тоа и ова го гледаме како одлична можност за целата држава да се развива. Веќе имаме три проекти кои што се подготвени.

Тоа е проектот за брзата железница на Коридорот 10, здравствениот проект за болници и секако проектот за образование, за Медицинскиот факултет, а во претстојниот период ќе бараме нови проекти во секторите за енергетика и животна средина, но и други проекти секако.

Она што е уште поважно за нас е дека ќе го искористиме искуството, но и најдобрата експертиза од британската јавна администрација, како и британскиот бизнис сектор, со што нашата администрација и нашиот бизнис сектор ќе дојдат до едно сосема ново ниво. Би сакал да ви се заблагодарам министре лично, за ангажманите од изминатите месеци, да се заблагодарам на Владата на Обединетото Кралство, како и на премиерот Стармер, кој што го сретнавме минатата недела. Навистина со нетрпение го очекуваме потпишувањето на Договорот за стратешко партнерство и заедно со овие два договори,

ние ќе воспоставиме сосема нови односи помеѓу нашите две држави. Ние сме сојузници во НАТО, но овие билатерални договори ќе не одведат на сосема ново ниво од нашата соработка и навистина сум благодарен што сме правата земја што потпишува ваков тип на договор"-изјави вицепремиерот Николоски по потпишувањето.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА, ЃУРЃАЈ ОСВАРИ СРЕДБА СО МАНЧЕВ ШЕФ НА КАБИНАЕТ НА ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА И МИНИСТЕР ЗА ТРАНСПОРТ И ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕР ЗА ТРАНСПОРТ ВОЛКАНОВСКИ

Претседателот на македонското друштво "Илинден"-Тирана, Никола Ѓурѓај на 10 мај 2025 година во Министерство за транспорт да осварам средба со Димитар Манчев шеф на кабинает на Заменик претседател на Владата и министер за транспорт и Државен Секретар во министер за транспорт Стефан Волкановски, разговаравме за состојбите на Македонското Национално Малцинство во Република Албанија и активностите на Македонското друштво "Илинден"-Тирана.





Во средбата иформирав за состојбата на македонското национално малцинство во Албанија. Посебно го нагласив фактот дека како друштвото активно се грижи за правата и положбата на Македонците во Албанија, како и за чувањето на македонската култура и традиции, информираше Ѓурѓај.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ ЛИЧНО ЈА ПРЕДАДЕ БЛАГОДАРНИЦАТА "ИЛИНДЕН" НА РАТКО ЛАЗАРЕСКИ – ДИРЕКТОР НА ВЕСНИКОТ "НОВА МАКЕДОНИЈА"





Македонско друштво "Илинден" - Тирана

донесе одлука за доделување

Благодарница

на

Г-ДИН РАТКО ЛАЗАРЕСКИ ДИРЕКТОР НА ВЕСНИКОТ "НОВА МАКЕДОНИЈА"

За особен придонес за Македонското национално малциство во Република Алабнија и придонес за Македонско друштво "Илинден"-Тирана

Со овој документ изразуваме благоданост.

ВЕЧНА ДА Е ЉУБОВТА ВО РОДОТ МАКЕДОНСКИ!

Дата: 06.02.2025
Место: ТИРАНА
Дел. број: 70
Република Албанија

Претседател на Македонско друштво "Илинден" - Тирана
Г-дин Никола Ѓурѓај

Претседателот на македонското друштво "Илинден"-Тирана, Никола Ѓурѓај, на 09 мај 2025 година во просториte на весникот "Нова Македонија" лично ја предаде Благодарницата "Илинден" на г-дин Ратко Лазарески – Директор на весникот "Нова Македонија". Признанието е доделено за особен придонес за Македонското национално малциство во Република Алабнија и придонес за Македонско друштво "Илинден"-Тирана. Признанието се доделува на поединци или организации за нивните особени заслуги, ангажман и перманентни активности во насока на зачувување и одржување на националниот идентитет на припадниците на македонското народ во Република Албанија, како и промоција на македонските национални особености – јазик, култура, обичаи итн.

Претставниците на редакцијата и на Македонско друштво "Илинден"-Тирана разговараа за проширување на заедничките проекти, во насока на афирмација на потребите на македонскиот народ во албанското општество, но и афирмирање на припадниците на македонското национално малцинство од соседните држави. Ѓурѓај изрази благодарност до редакцијата за досегашните напори и заложби и за соработка и продлабочувањето на контактите помеѓу „Нова Македонија" и македонското друштво "Илинден"-Тирана, како и македонсскиот весникот „Илинден" од Република Албанија.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ ОСВАРИ СРЕДБА СО ГОРАН АНГЕЛОВ ДИРЕКТОРОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ИСЕЛЕНИШТВО



Претседателот на македонското друштво “Илинден“-Тирана, Никола Ѓурѓај, на 09 мај 2025 година во Агенцијата за иселениште во Скопје, оствари работна средба со директорот на Агенцијата, Горан Ангелов и Билјана Костова, раководител на сектор за одржување и унапредување на врските со иселениците. Мојот ценет соговорник го информирав за состојбата на македонското национално малцинство во Албанија. Посебно го нагласив фактот дека како друштвото активно се грижи за правата и положбата на Македонците во Албанија, како и за чувањето на македонската култура и традиции.



Исто така разговарале и околу македонскиот весник “Илинден”, кој преку своето печатено и онлајн издание информира за активностите на Македонците не само во Албанија туку и во иселеништвото, бидејќи друштвото соработува и се вмрежува со иселенички организации во целиот свет. Му заблагодарив на директорот Ангелов за срдечната средба и донирав примероци од весникот, со цел истите да бидат дел од библиотеката на Агенцијата за иселеништво, рече Ѓурѓај.

Директорот Ангелов, пак на Никола Ѓурѓај му подарил икона од Светецот Свети Никола, во знак на благодарност за долгогодишната активност во заштитата на македонскиот национален идентитет, јазик и култура.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ ОСТВАРИ РАБОТНА СРЕДБА СО БОРО МИРЧЕСКИ, НАЧАЛНИК ЗА ДИЈАСПОРА ПРИ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ И НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА НА МАКЕДОНИЈА



Претседателот на македонското друштво “Илинден“-Тирана, Никола Ѓурѓај денеска во Скопје, оствари работна средба со Боро Мирчески, началник за дијаспора при Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на Македонија, разговаравме за состојбите на Македонското Национално Малцинство во Република Албанија и активностите на Македонското друштво “Илинден”-Тирана. Мојот ценет соговорник го информирав за состојбата на македонското национално малцинство во Албанија. Посебно го нагласив фактот дека како друштвото активно се грижи за правата и положбата на Македонците во Албанија, како и за чувањето на македонската култура и традиции, информираше Ѓурѓај. Му подарив примероци од Македонскиот весник “Илинден”.

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА БАРА 21 МАЈ ВО РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА ДА СЕ ПРОГЛАСИ ЗА ДЕН НА НАЦИОНАЛНИТЕ МАЛЦИНСТВА

Македонското друштво “Илинден”-Тирана бара 21 мај во Република Албанија да се прогласи за Ден на националните малцинства, 21 мај е и Светски ден на културната различност за дијалог и развој, па поради тоа го сметаме за најсоодветен датум. За таа цел друштвото во 2022 година испрати барање до претседателката на парламентот Линдита Никола.

Националните малцинства во Република Албанија се национално богатство и со неговото прогласување за државен празник во Република Албанија, сметаме дека е чекор напред за да се обезбеди видливост за националните малцинства и да се препознае нивната додадена вредност за нашите општества.



## РАЗОЧАРАНОСТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ЗАШТО КОМИТЕТОТ ЗА НАЦИОНАЛНИ МАЛЦИНСТВА НА АЛБАНИЈА НЕ ИМ ПРИФАТИ НИТУ ЕДЕН ПРОЕКТ




Македонско друштво “Илинден“-Тирана реагира поради тоа што Комитетот за национални малцинства, не прифатило ниту еден проект во првиот повик за 2025 година предложени од друштвата на Македонците во Република Албанија.

Македонското друштво “Илинден”-Тирана, реагираат за несовесниот и крајно дискриминаторски однос на Комитетот за национални малцинства во првиот да не подржи ниту еден проект предложен од друштвата на Македонците во Република Албанија.

Македонските друштвото на конкурсот имат аплицирo со проекти што се исклучително значаен за Македонците во Република Албанија.

Македонците имаат потреба од финансиска поддршка на проектите од страна на Комитетот за национални малцинства кои се однесуваат на негување на традициите на Македонците кои живеат во Република Албанија. Во овој случај, Комитетот за национални малцинства покажува дека само декларативно се залага за националните малциства во Република Албанија но „за жал Македонците беа само бројка во апликациите кои беа испратени на конкурсот.

## МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА ГО ПРОСЛАВИЈА СВЕТИ ЈОВАН ВЛАДИМИР



Во селото Шијон, во Елбасан се прослави денот на Ссвети Јован Владимир, каде што пред векови се верува дека започнала православната вера во овие области. Така секоја година на 3 – 4 јуни православните верници од Албанија, Македонија, и Македонци од Албанија се собираат за да ја прослават оваа прослава во манастирот со името на светецот Свети Јован Бладимир. Меѓу множеството собрани молитвеници, со благослов на Старец, Епископот Антаниски г. Партениј, беа и браќата архимандритите Доситеј и Кирил, монахот Филип, како и сестрите Екатерина и Христина од Рајчица, кои со своето присуство донесоа благослов и духовна радост од нашите обители.

Светиот великомаченик Јован Владимир, зетот на царот Самоил за ќерка му Косара се здобил со силен култ во западна Македонија. На иконите и фреските во нашите цркви е насликан како главата си ја држи во рацете. Во традицијата на југозападниот регион на Македонија во минатото бил развиен култот кон Светиот великомаченик кнезот Јован Владимир. Тој бил кнез на областите Зета и Далмација, во еден период влегол во судир со царот Самуил при што бил заробен. Додека бил во затвор во него се вљубила ќерката на Самуил Теодора Косара по што тој бил оженет со неа и вратен на престолот. Но подоцна, починал царот Самуил на 6 октомври 1014 година, а царскиот престол го наследил син му Гаврил Радомир.

Светиот Јован Владимир бил убиен на 22. мај 1016 година во Преспа и погребан бил во манастирот пред кој загинал. Брзо се расчуло дека молитвите пред неговиот гроб можат да исцелуваат многу болести и тој култ бил толку распространет што набргу потоа бил признат за светец и маченик и прогласен за светец од Православната црква. Постојат многу легенди и култни приказни поврзани со неговото име. Неговите мошти денес се чуваат во манастирот на Ссвети Јован Владимир во Елбасан, во православната Соборна црква во Тирана, на Света Гора и во црквата Ссвети Никола Болнички во Охрид. Албанската православна автокефална црква Ссвети Јован Владимир го празнува на 4. јуни секоја година и православните верници од Албанија, Македонија, Црна Гора и Србија и целиот регион се собираат на прослава во манастирот каде го чествуваат името на светецот.

## ЕТЛЕВА БУДИНИ ОД ДРАЧ СНАА ВО ГОЛО БРДО НОВА ПРАТЕНИЧКА НА АЛБАНСКИОТ ПАРЛАМЕНТ




Со 14 мандати во новото Собрание, округот Драч носи разновидна застапеност, со забележителни нови личности кои за првпат ќе седнат во Парламентот. Една од нив е Етлева Будини, сопруга на Боге Будини од село Клење, областа Голо Брдо која го обезбеди осмиот мандат на Социјалистичката партија во округот Драч.

„Избрав да правам лична кампања, да се среќавам со луѓе на улица, во бизниси, во крфици, слушнав многу проблеми и грижи што ќе ги носам во Собранието. Ќе бидам ангажирана секој ден“, вели Етлева Будини. По професија економист и со искуство во менаџментот, Будини вели дека столб на нејзината програма ќе бидат девојките и жените, како и лицата со посебни потреби.

„Добив срдечни гласови, главно од жени и девојки. Ќе бидам нивен поддржувач, но и силен глас за лицата со попреченост, за да се чувствуваат еднакви во образованието и вработувањето“, додава Будини.

## СЕ ОДРЖА ВО ТИРАНА ПРВИОТ СОСТАНОК НА КОМИСИЈАТА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИТЕ МАЛЦИНСТВА



Под раководство на заменик министерот за внатрешни работи, Анди Махила, на 27 мај 2025 година се одржа првиот состанок на Комисијата за признавање на националните малцинства на кој учествуваа сите претставници на одредените институции, Комитетот за национални малцинства и претставници на граѓанското општество.

На состнаок беше Ендрит Фетаху, потпретседател на Македонска алијанса за европска интеграција (МАЕИ).

Ова е важен чекор за да се обезбеди остварување на специфичните права на лицата кои припаѓаат на национално малцинство, кои се неопходни за заштита на карактеристичниот идентитет на националните малцинства, како суштинска компонента на интегрираното општество и кои гарантираат недискриминација и целосна еднаквост пред законот.

На средбата се разговараше за првите барања и случаи поднесени од граѓаните, а беа утврдени конкретни чекори за продолжување на нивното разгледување согласно одлуките донесени од Советот на министри во спроведувањето на Законот „За заштита на националните малцинства во Република Албанија“.

Овој процес има за цел да ја зајакне заштитата на правата на националните малцинства, да промовира еднаквост во општеството и да го постигне исполнувањето на меѓународните стандарди на ова поле.

## ГРИГОР ПРЛИЧЕВ БИЛ УЧИТЕЛ ВО ЦРКОВНОТО УЧИЛИШТЕ „СВЕТИ ПРОКОП“ ВО ТИРАНА

Пред 1841 година, црквата имала наставни курсеви, но не на училишно ниво. Во 1841 година, таа основала редовно основно училиште, каде што наставата се одржувала на турски и грчки јазик. Во раните години, часовите се одржувале во црковна средина.

Во 1846 година, православната заедница го купила земјиштето за зграда за 2 илјади грошени, а училиштето почнало да работи во зграда одвоена од црквата. Црковното училиште „Свети Прокоп“ во Тирана имало четири големи сали. Во учебната 1847-1848 година, учител бил и Григор Прличев од Охрид, Македонија, кој подоцна станал познат како поет, а една од неговите песни била и за Ѓерѓ Кастриоти Скендербег.

Книга на Григор Прличев “Скендербег” во музејот на Ѓерѓ Кастриоти Скендербег во Круја поклон од Амбасада на Република Македонија во Тирана. Подоцна, во годините 1850-1854, учител бил Костандин Кристофориди, кој тајно им предавал на учениците албански јазик, бидејќи албанскиот не бил еден од јазиците официјално признати од Отоманската империја, идните учители по албански јазик како што се Јорѓи Пано, Анастас Пано, Стефан Која, Симон Димарочи и други научиле да пишуваат албански јазик со истанбулската азбука.






Во 1869 година учители на училиштето биле Анастас Дима од Поградец и Михал Џаџо од Нарта, Валона. Во 1872 година училиштето станало 5-годишно училиште, а во 1894 година станало 6-годишно градско училиште. Во 1894-1895 година, започна двокатна зграда, истата зграда во која подоцна ќе биде сместена Митрополијата и која се урнала за време на Втората светска војна. Во меѓувреме, во 1890 година, на иницијатива на Темистокли Димитриј, било отворено училиште за девојчиња со 5 основни одделенија.

Во 1897 година, училиштето станало 7-годишно училиште и го добивало својот наставен план директно од Драчската митрополија, кој се усогласувал со програмите на Епирското културно друштво од Истанбул. Драчската митрополија под свој надзор ги имала сите училишта на православните општини во окрузите Драч, Елбасан, Тирана, Каваја и Поградец.

Со оваа организација, училиштето продолжило да работи до 1920 година, кога, со формирањето на албанската држава и создавањето на единствени училишта, било реорганизирано во рамките на овој систем и одвоено од црквата, како резултат на метрополитенската наставна програма. Според истражувачот Бедули, училиштето на црквата Свети Прокоп, иако било на грчки јазик, погрешно е да се смета за грчко училиште.

Прличев е роден во Охрид, на 18 јануари 1830 година во семејство од кое излегле повеќе македонски дејци и револуционери. Според Македонската енциклопедија, тој е писател кому Македонија му е и љубов и судба и болка и очај и неопходност и тага и лулка и гроб.

Прличев по пензионирањето во 1890 година, последните свои денови ги поминува во Охрид каде умира во 1893 година.

**Автор Никола Ѓурѓај**

## КОНГРЕСОТ НА ФУЕН ВО 2025 ЌЕ СЕ ОДРЖИ ВО БОЛЗАНО, ЈУЖЕН ТИРОЛ ВО СЕВЕРНА ИТАЛИЈА

Конгресот на Федералната Унија на Европски националности (ФУЕН) 2025 ќе се одржи од 23 до 26 октомври во Болзано во Јужен Тирол, Италија домаќин ќе биде Јужнотиролската народна партија членка на ФУЕН.

Оваа есен Болзано во Јужен Тирол ќе стане место за средба на европските малцинства, на 69-от годишен конгрес на ФУЕН во главниот град на автономната покраина Болцано – Јужен Тирол во северна Италија. Се очекува да присуствуваат претставници на автохтоните национални малцинства, националности и јазични групи од цела Европа.

Домаќин на овогодинешниот конгрес на ФУЕН е Јужнотиролската народна партија. Како чадор за етничките групи, ги застапува интересите на населението што зборува германски и ладински во Јужен




Тирол, регион познат низ цела Европа по својата јазична и културна разновидност. Конгресот ќе се фокусира на дискусии за актуелните случувања во политиката на малцинствата, средбите со регионот домаќин и неговите модели за заштита на малцинствата, како и идниот развој на ФУЕН.

„За нас е големо задоволство што уште еднаш ќе бидеме домаќини на овој важен собир по 2013 година. Јужен Тирол, кој често се нарекува „мала Европа во Европа", стои како ниеден друг регион за културна разновидност и жива мултијазичност", вели Даниел Алфрајдер, потпретседател на ФУЕН, како и заменик-гувернер на Јужен Тирол и регионален советник за образование и култура во Moodraure, Ladin.

Лорант Винче, член на Европскиот парламент и претседател на ФУЕН, исто така ја нагласува важноста на локацијата: „Јужен Тирол е пример за заштита на малцинствата низ Европа. Тоа покажува не само дека таквата заштита е можна, туку и вреди.

Организирањето и спроведувањето на Конгресот на ФУЕН во 2025 година е поддржано од германското Сојузно Министерство за внатрешни работи врз основа на резолуција на германскиот Бундестаг.

Македонско друштво "Илинден" од Тирана е член на Федералната Унија на Европските Националности (ФУЕН) од 16. мај 2015 година и дел од Работната група на словенските малцинства при Федералната Унија на Европските Националности.

## СЕДУМ ГОДИНИ БЕЗ СПАСЕ МАЗЕНКОВСКИ ГОЛЕМИОТ БОРЕЦ ЗА ПРАВАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА




Поминаа седум година без Спасе Мазенковски големиот македонски патриот, писател, новинар и публицист од село Леска, Мала Преспа и еден од најголемите борци за правата на Македонците во Република Албанија.

Спасе Мазенковски целиот свој живот го посвети во афирмацијата на македонскиот етнички, јазичен, културен и верски идентитет и за унапредување на положбата и правата на Македонците во Република Албанија.

Спасе Мазенковски целиот свој живот живееше и твореше во селото Леска, општина Пустец, областа Мала Преспа. Спасе Мазенковски роден е 1951 во село Леска, Мала Преспа. Почина на 30 мај 2018 година, погребан е на селските гробишта во Леска.

Беше основач и претседател на Организацијата за заштита на правата на Македонците во Албанија "Друштво Преспа", основач и главен уредник на весникот "Преспа", основач на единствената партија на Македонците во Албанија, Македонска алијанса за европска интеграција и учесник во сите активности на Македонците во Албанија од 1990 година до неговата смрт.

Спасе Мазенковски на македонски јазик има објавено неколку поетски збирки, книги, разкази и репортажи "Преспа моја", "Разбојна китка", "Торбулето на татко ми", "Преспанска убавица", "Лабид и Преспана", "Рѓосани бисери", "Историја на Македонскиот народ во Албанија". На албански јазик ја има објавено книгата "Историја на Македонскиот народ".

Беше член на Друштвото на писатели на Македонија и на Друштвото на писатели "Новиот свет" во Албанија. Македонците во Албанија не го заборааат неговиот огромен придонес во борбата за остварување на правата на Македонците во Албанија и зачувување на македонскиот национален идентитет.

Вечна му слава и за навек името и делото на Спасе Мазенковски

## ИНТЕРВЈУ СО КООРДИНАТОРОТ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ЗА ОБЛАСТА ГОЛО БРДО, ФАТРИ ФЕТАХУ



Македонски весник “Илинден“: Како ја оценувате положбата на Македонците во областа Голо Брдо?

Фатри Фетаху: Положбата на Македонците во областа Голо Брдо е сложена и полна со предизвици. Македонското национално малцинство, иако автохтона, сè уште не ги ужива сите права што ѝ припаѓаат. Еден од најголемите проблеми е недостигот на образовни институции на македонски јазик. Нашите млади генерации немаат можност формално да го изучуваат мајчиниот јазик, што претставува ризик за одржувањето на нашата национална и културна самобитност. Освен тоа, соочени сме со проблеми во локалната администрација, каде што Македонците се недоволно застапени. Исто така, инфраструктурата во македонските села во Голо Брдо е занемарена, што значително го отежнува животот на населението. Сепак, и покрај сите овие потешкотии, нашата заедница останува силна, сплотена и истрајна во борбата за своите права. Преку нашите активности во Македонското друштво „Илинден“-Тирана, постојано апелираме до властите во Албанија и меѓународните организации да покажат повеќе разбирање и поддршка за нашите барања.

Македонски весник “Илинден“: Како нов координатор на Македонското друштво “Илинден”-Тирана за областа Голо Брдо, кои се вашите идни планови во однос на заштита на интересите на Македонците во областа Голо Брдо?

Фатри Фетаху: Како координатор, мојот главен фокус ќе биде на унапредување на правата на Македонците во Голо Брдо и обезбедување подобри услови за живот. Првиот чекор ќе биде засилено лобирање за воведување на македонскиот јазик во образованието, што е еден од најзначајните елементи за зачувување на нашиот идентитет. Еден од приоритетите ќе биде и зголемувањето на медиумската застапеност на македонската заедница во Албанија, со цел да го подигнеме гласот за нашите права пред домашната и меѓународната јавност. Ќе се залагаме и за културна афирмација преку организирање на традиционални настани, фестивали и собири, со цел да ја зачуваме и промовираме македонската култура и традиции. Верувам дека само преку активно учество и соработка со институциите, како и со поддршка од нашите сонародници во Македонија и дијаспората, можеме да постигнеме видливи резултати.

Македонски весник “Илинден“: Вашата порака како Координатор на Македонското друштво “Илинден”-Тирана за областа Голо Брдо до Македонците во областа Голо Брдо?

Фатри Фетаху: Мојата порака до сите Македонци во Голо Брдо е да останеме горди на нашето потекло, историја и традиција. Иако животот тука не е секогаш лесен, не смееме да ја изгубиме надежта. Треба да бидеме сплотени, да си помагаме и да работиме заедно за подобра иднина. Никој нема да ни ги даде правата ако самите не ги бараме. Затоа, ве повикувам да бидеме активни, да се вклучиме во општествениот и политичкиот живот, да учествуваме во иницијативи и да не се плашиме да зборуваме за нашите проблеми. Само така можеме да создадеме подобри услови за нас и за идните генерации. Запомнете: Македонецот никогаш не се предава! Колку и да се големи предизвиците, ако сме заедно, можеме да ги надминеме. Да ја зачуваме нашата гордост, идентитет и јазик, бидејќи тие се нашиот најголем аманет!

Македонски весник “Илинден“: Г-дин Фатри Фетаху, Ви благодарам за интервјуто, Ви посакувам лични и професионални успеси.

Фатри Фетаху: Благодарам за можноста да зборувам за нашата заедница и за предизвиците со кои се соочуваме. Се надевам дека со заеднички напори ќе успееме да ги оствариме нашите цели. Нашата борба продолжува!

## МАКЕДОНИЈА ДО 14 ОДИГРА НЕРЕШЕНО БЕЗ ПОГОДОЦИ СО АЛБАНИЈА



Младата репрезентација на Македонија до 14 години одигра нерешено без погодоци против соодветната селекција на Албанија во рамкиот на вториот контролен натпревар одигран помеѓу овие две селекции.

На стадионот „Билјанини извори” во Охрид , двете репрезентации одиграа доста тврд и борбен натпревар, без премногу можности за погодок.

Првиот контролен натпревар помеѓу овие две репрезентации одигран во Корча, Албанија заврши нерешено 1:1.

Албанија: Флори Зека (ГК), Кевин Керџалиу, Кевин Мухареми, Дениан Авдилај, Дени Дука, Александрос Шофити, Сантијаго Перкола, Елио Тавани, Алекс Башо, Алесио Ѓомаркај, Елез Елќени. Селектор:Франческо Витобело

Македонија: Марио Стојковски, Хамза Зубери, Давор Танески, Калин Аврамоски, Ејман Емини, Давид Рамадан, Ариан Исаку, Васко Трајков, Доротеј Христов, Драган Петков, Алиу Дијар. Селектор: Горан Станковски.

**ИМПРЕСУМ:**

Издавач: Македонско друштво “Илинден”-Тирана
Главен и одговорен уредник: Никола Ѓурѓај
Лектура: Естела Карамешиноска
Компјутерска обработка: Анита Милевска
Печати: Печатница Абази - Тирана
Фотографии: Редакција на Македонски весник “Илинден” и Македонско друштво “Илинден”-Тирана
Адреса: Rruga “Mihal Grameno“ Nr. 167, Tirana, Albania
Телефон: +355 69240 1778
E-mail: drustvo.ilinden.tirana@live.com
www.ilinden-tirana.com
www.vesnik-ilinden.com

**© Македонски весник “Илинден” - Сите права се задржани. Не е дозволено копирање, умножување или понатамошна репродукција или дистрибуција на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без претходно добиено одобрение од издавачот.**

Македонска народна носија Требиште - Голо Брдо



Veshje popullore maqedonase Trebisht - Gollobordë